ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 11 април 2016

# СООПШТЕНИЕ

## Зголемување на користењето на електронските услуги на ФЗОМ
## Околу 6800 осигуреници досега ги искористиле електронските услуги

Стратешка определба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија се квалитетни, ефикасни и брзи услуги за осигурениците, здравствените работници и компаниите. За таа цел, Фондот услугите ги направи достапни и по елетронкси пат, со што сите осигуреници, компании и здравствените работници можат да ги добијат бараните услуги во време кое најмногу им одговара од својот дом, односно од своето работно место.

Од воведувањето на електронските услуги, 6753 осигуреници, овластени лица и здравствени работници ги искористиле овие електронски услуги и поднеле барање од своите домови или работни места по електронски пат за остварување на одредено право. Во прилог подолу табела со најкористени електронски услуги на Фондот.

| **Заверка на ортопедски помагала** | **5074** |
|---|---|
| **Барање за БПО** | 762 |
| **Извештаии за спреченост при работа.** | 514 |
| **Предлог за оцена на привремена спреченост за работа.** | 403 |

Најкористена електронска услуга е за заверка на ортопедски помагала, која **5074** осигуреници ја искористеле и поднеле документи преку матичните лекари и лекарите специјалисти по електронски пат. Придобивките од електронските услуги кои ги воведе Фондот за здравствено осигурување се бројни и за осигурениците и за фирмите и за здравствените работници, при што нема трошење на време и финансиски средства за да се оди до подрачната служба на Фондот. Можноста за увид во сопствениот предмет, дали истиот е позитивно или негативно решен и кога ќе биде извршена исплатата доколку се работи за рефундација на средства е исто така една од бројните придобвки од електронските услуги.

Би сакале во оваа прилика да ги охрабриме осигурениците и компаниите и здравствените работници да ги користат електронските услуги на Фондот. За поедноставно и точно информирање кои се потребните чекори и како да се користи електронската услуга, Фондот изготви видео туторијали, кои се краток и едноставен водич како чекор по чекор за начинот како да се користат електронските услуги на Фондот.

Видео туторијалите се објавени на веб страницата на Фондот на следниов линк:
http://www.fzo.org.mk/default.asp?ItemID=03745AB41443004A8EAB9A0105914B95

Или на линкот на Фондот на you tube:
https://www.youtube.com/channel/UCXc5Hr1czS6RKf8-4CDFRVA

Фондот продолжува да работи на остварување на целта, е-Фонд, со цел осигурениците, овластените лица од компаниите, здравствените работници да добиваат ефикасна, навремена и професионална услуга кога истата им е потребна.